# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.6/25 од 02.04.2025 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

**1.** Заклучок за објавување на Одлуката за верификација на мандат на член на Совет на општина Росоман........ **3**
**2.** Одлука за верификација на мандат на член на Совет на општина Росоман........ **4**
**3.** Заклучок за објавување на Одлуката за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури – мраз........ **5**
**4.** Одлуката за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури – мраз........ **6**
**5.** Заклучок за објавување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз........ **7**
**6.** Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз........ **8**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Совет на општина Росоман, донесена на 53-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 02.04.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 299/1.1,1**
**04.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 7 од Статутот на Општина Росоман и член 3 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 53-та (вонредна) седница одржана на ден 02.04.2025 година, донесе

# О Д Л У К А
## за верификација на мандат на член на Совет на општина Росоман

### Член 1

Со оваа Одлука се врши верификација на мандат на член на Совет на општина Росоман, избран на локалните избори во општина Росоман одржани на ден 17.10.2021 година.

Согласно Извештајот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на општина Росоман и Уверението бр.11-11 од ден 01.04.2025 година од Општинска Изборна Комисија, се верификува мандатот на членот на Совет на општина Росоман – Спасена Пешиќ.

### Член 2

Оваа Одлука влегува на сила веднаш и ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Росоман.

**Бр.08 - 299/1.1,1**
**02.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури - мраз, донесена на 53-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 02.04.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 - 299/1.2,1**
**04.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), на одржаната 53-та (вонредна) седница од ден 02.04.2025 година, Советот на Општина Росоман, донесе

# О Д Л У К А
## за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури - мраз

### Член 1

Со оваа Одлука *се усвојува* барањето на мнозинство од членовите на Советот и на група граѓани – земјоделци од Општина Росоман за итно постапување поради настанатата штета од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, а која ја зафати територијата на Општина Росоман од $17^{ти}$ до $20^{ти}$ Март.

### Член 2

Со оваа Одлука *се задолжуваат* општинската администрација да ја изготви потребната документација и градоначалникот да објави Јавен повик за пријавување на штетите настанати од оваа атмосферска непогода.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 - 299/1.2,1**
**02.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, донесено на 53-та (вонредна) седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 02.04.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09 – 299/1.2,2**
**04.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р.**

Врз основа на член 32 став 2 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 143 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21), Советот на Општина Росоман на 53-та (вонредна) седница одржана на ден 02.04.2025 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз**

1. Со ова Решение се формира Комисија за вршење на процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, која ги зафати земјоделските култури на територијата на општина Росоман во периодот од 17ти до 20ти Март, во следниот состав:
   - Слободан Ѓелевски – претседател на Комисијата;
   - Тодорка Трпевска – член на Комисијата;
   - Лидија Танчева – член на Комисијата;
   - Павлинка Секуловска – член на Комисијата;
   - Бобан Апостолоски – член на Комисијата;
   - Магдалена Златев – член на Комисијата;
   - Веле Коцев – член на Комисијата;
   - Стојан Ѓорѓиевски – член на Комисијата;
   - Тихомир Николов – член на Комисијата.

2. Комисијата има задача да изврши процена и утврдување на висината на штетите во рок од 30 дена од денот на истекот на рокот за пријавување на штетите од страна на земјоделците, со можност за продолжување, а во зависност од обемот и бројот на поднесени пријави за штети согласно Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи, да изготви збирен Извештај за проценетите штети на подрачјето на општина Росоман во вид на Елаборат и истиот да го достави до Советот на Општина Росоман на разгледување и усвојување.

3. Паричниот надоместок на Претседателот и членовите на Комисијата за процена и утврдување на висината на штета настаната од атмосферска непогода од ниски температури – мраз, ќе биде утврден со посебен акт – Одлука донесена од страна на Советот на Општина Росоман.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 - 299/1.2,2**
**02.04.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**